РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2227/14
17-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2227/1 од 19.08.2025 година, оформен по добиена пријава со наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес од страна на директорот на /// во постапка за распоредување вработен на друго работно место и во постапка за суспендирање на вработен во тек на времетраење на изборен процес, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес не се потврдуваат односно во предметниот случај не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Предметот со број 12-2227/1 од 19.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 19.08.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес од страна на директорот на /// во постапка за распоредување вработен на друго работно место и во постапка за суспендирање на вработен во тек на времетраење на изборен процес.

Според наведеното во пријавата, во текот на времетраењето на изборниот процес, со Одлука за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година донесена од

директорот на ///, службеното лице /// било трајно распоредено од работното место /// - /// на работното место /// ///.
Дополнително, по донесувањето на Одлуката за трајно распоредување на друго работно место, со Решение за суспендирање бр./// од /// година донесено од директорот на ///, истото службено лице било суспендирано од работното место кај работодавачот ///.
Подносителот на пријавата цени дека со распоредувањето на друго работно место, а подоцна и со суспендирањето на службеното лице од работното место, од страна на директорот на /// е сторена повреда на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик, и дека во случајот не е земено предвид предвид Известување од Општинската изборна комисија /// од /// година, за ангажирање на суспендираното лице во реализација на активности за Локалните избори 2025 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барања за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат, до Државниот инспекторат за труд и до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањата на ДКСК, во податоците, информациите и документацијата приложени кон поднесената пријава и кон нејзиното дополнување и во податоците и информациите содржани во известување кое во врска со пријавениот случај беше доставено од страна на ///, утврдена е следната фактичка состојба:
Со Одлука за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година донесена од директорот на /// ///, /// била трајно распоредена од работното место /// - /// на работното место ///.
Видно од образложението на Одлуката за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година, работното место на кое /// била трајно распоредена, било од иста категорија и исто ниво /// согласно класификацијата на работни места на ///службеници. Согласно Одлуката, на распоредено лице му бил понуден анекс на договор за вработување на тоа работно место.

Против Одлуката за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година со понуда на Анекс-договор, вработената /// поднела Жалба /// до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Постапувајќи по Жалбата, Комисијата донела Одлука /// од /// година со која жалбата на даночниот службеник /// била одбиена како неоснована.

По прием на Решение /// од /// година на Основниот /// суд /// за определување мерки на претпазливост за вработената /// поради постоење основано сомневање дека сторила кривично дело несовесно работење во службата од член 353-вст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик, за вработената /// во /// било донесено Решение за дополнителни работни задачи бр. /// од /// година, со кое вработената се овластува за стручно и навремено извршување на работи и должности во Одделението за општи и заеднички работи во ///, а во насока на почитување на точка 3 од Решението /// од /// година на Основниот /// суд ///.
Со донесување на Одлуката за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година со понуда на Анекс-договор, исто така во насока на почитување на точка 3 од Решението /// од /// година на Основниот /// суд ///, Решението за дополнителни работни задачи бр. /// од /// година било укинато.
Со оглед на тоа што вработената во континуитет одбивала да ги почитува веќе правосилната Одлука за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година и Одлуката на Комисијата при Агенцијата за администрација /// од /// година, одбила да го склучи Анексот на договорот за вработување и не се појавувала на работното место на кое била распределена, односно сè уште била вработена на работното место виш инспекор од кое е распределена, од страна на работодавачот било оценето дека вработената со непочитување на посочените одлуки оневозможила /// да постапи по Решението /// од /// година на Основниот /// суд ///, поради што било донесено Решение за суспендирање бр./// од /// година, согласно кое вработената /// била суспендирана од работното место кај работодавачот ///. Видно од содржината на Решението, вработената се отстранува од работа додека трае причината за отстранување, а за времетраење на нејзиното суспендирање ѝ следува надомест од 50% од основната плата која ја примила претходниот месец.

Против Решението за суспендирање, вработената до директорот на /// на /// година поднела Приговор, а пред Основниот суд ///, пред донесувањето на ова Решение, повела судски спор против Одлуката за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година.

При инспекциски надзор извршен од страна на Државниот управен инспекторат на барање на ДКСК, бил составен Записник /// од /// година од чија содржина произлегува дека при надзорот, покрај друга документација, биле земени предвид Одлуката за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година, Одлуката на Комисијата на Агенцијата за администрација /// од /// година и Решението за суспендирање бр./// од /// година. Државниот управен инспектор, применувајќи го начелото на превенција од Законот за инспекциски надзор, истовремено имајќи го предвид постоењето на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Решението /// од /// година на Основниот /// суд /// и Одлуката на Комисијата на Агенцијата за администрација /// од /// година, констатирал дека во работењето на субјектот на надзорот не се утврдени неправилности.

Според член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и според член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик:

*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“.*

Имајќи го предвид датумот на донесувањето на Решението за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје кои ќе се одржат на 19 октомври 2025 година (09.08.2025 година), погоре цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси/ Изборниот законик, ДКСК цени дека во случајот со донесувањето на Одлуката за трајно распоредување на службеното лице /// на друго работно место (бр./// од /// година) не е започната постапка за престанок на работен однос во смисла на член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик. Истовремено, ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба во врска со донесувањето на Одлуката за трајно распоредување на друго работно место бр./// од /// година не упатува на прекршување на забраната од член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик.

Исто така, ДКСК цени дека во случајот со донесувањето на Решението за суспендирање бр./// од /// година, не е започната постапка за престанок на работен однос во смисла на член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик, поради што ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба во врска со донесувањето на Решението за суспендирање бр./// од /// година не упатува на прекршување на забраната од член 34

став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик.

Имајќи го предвид констатираното во однос на донесената Одлука за трајно распоредување на службеното лице /// на друго работно место (бр./// од /// година) од аспект на забраната од член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик и имајќи ја предвид констатацијата на Државниот управен инспекторат по извршениот инспекциски надзор, ДКСК утврди дека, наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930